Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

Бр. 11

08.08.2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина демир Хисар за извештајниот период (кумилативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година, донесен на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 07.08.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-866/1 Општина Демир Хисар**
**08.08.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 202/24) и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седница одржана на 07.08.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.06.2025 година со архивски број 10-135/3 од 30.07.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-840/4 Совет на Општина Демир Хисар
07.08.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА за проширување на средствата на буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година**

1. Ја објавувам Одлуката за проширување на средствата на буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година, донесена на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 07.08.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 866/2**
**08.08.2025 година**
**Демир Хисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002 и Сл.весник на РСМ бр.202/2024), член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/2005,4/2008,103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011,171/2012, 192/2015,167/2016 и Сл.весник на РСМ бр. 151/21, 87/22 и 03/25) и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02, 04/05, 07/09, 13/14, 18/16, 10/19, 7/21 и 21/23) Советот на општина Демир Хисар на 51ва седница одржана на 07.08.2025 година донесе

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ДЕМИР ХИСАР**

За **2025** година

## Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ОпштинаДЕМИР ХИСАР за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|

Се зголемуваат приходите на следните потаставки :

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 25.176 | 0 | 0 |
| 741120 | Блок дотации на општината по одделни намени | 0 | 2.098.502 | 0 | 0 |
| | | **0** | **2.123.678** | **0** | **0** |

и се распредуваат на следните расходни потаставки :

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **K20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 43.943 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 421310 | Пошта | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 3.000 | 0 | 0 |
| 421390 | Други трошоци за комуникација | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 25.091 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 446.400 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 72.000 | 0 | 0 |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 0 | 11.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 135.360 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 54.000 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 0 | 3.600 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 0 | 8.640 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 99.001 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 388.311 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 133.332 | 0 | 0 |
| | | **0** | **2.123.678** | **0** | **0** |

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето  во Службен гласник на Општина Демир Хисар и станува составен дел на буџетот на општината за 2025 година

Бр.  17-840/5

Претседател на Советот на Општината
**ЉУПЧО НАЈДОВСКИ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ на Општина Демир Хисар за 2025 година**

1. Го објавувам ПЛАНОТ за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2025 година, донесен на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 07.08.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-866/3 Општина Демир Хисар**
**08.08.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 27 од Законот за буџетите („Сл. весник на РСМ“ бр.203/22), а согласно член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 07.08.2025 година, донесе

***ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ***
***На Општина Демир Хисар за 2025 година***

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на Општина Демир Хисар, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од економскиот развој и комуналното уредување, Општина Демир Хисар особено ќе развива планови и програми и тоа:

1. **Развојна програма- Линиска инфраструктурна градба**

„Подобрување на условите за живеење во с.Бараково преку изградба на улици“

Со оваа развојна програма предвидено е да се изврши изградба на 3 (три) локални улици во с.Бараково, Демир Хисар.

Изградбата на локалните улици ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2021 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на улиците е 547,40 $м^1$, а проектната вредност на работите изнесува 3.533.690,00 денари со вклучен 18% ДДВ. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за живеење во с.Бараково.

Оваа развојна програма се однесува за период 2025-2026 година. Со реализација (јавна набавка) ќе се започне во 2025

година, а физичката реализација, односно изградбата на улиците се планира да почне во периодот Март-Април 2026 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Улицата поминува низ земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија. За основниот проект издадено е одобрение за изградба.

Датум на завршување на проектот е Ноември 2026 година.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства предвидени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од обласна на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1 јули.2025 година, а кои се однесуваат за реализација на проектот „Подобрување на условите за живеење во с.Бараково". Финансиските средства се доделуваат од страна на Министерството за транспорт во износ од 3.533.690,00 денари со вклучен 18% ДДВ согласно Договорот за користење на финансиски средства потпишан помеѓу Министерството за транспорт и Општина Демир Хисар.

## 2. Развојна програма Линиска инфраструктурна градба

"Подобрување на условите за живеење во с.Сладуево преку реконструкција на локална улица "

Со оваа развојна програма предвидено е да се изврши реконструкција на локална улица во с.Сладуево, Демир Хисар.

Реконструкцијата на локалната улица ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2022 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на улиците е 353,51 $м^1$, а проектната вредност на работите изнесува 3.115.026,00 денари со вклучен 18% ДДВ. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за живеење во с.Сладуево.

Оваа развојна програма се однесува за период 2025-2026 година. Со реализација (јавна набавка) ќе се започне во 2025 година, а физичката реализација, односно реконструкција на улицата се планира да почне во периодот Март-Април 2026 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Улицата поминува низ земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија. За основниот проект издадено е одобрение за реконструкција.

Датум на завршување на проектот е Ноември 2026 година.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства предвидени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од обласна на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1 јули.2025 година, а кои се однесуваат за реализација на проектот „ Подобрување на условите за живеење во с.Сладуево преку реконструкција на локална улица". Финансиските средства се доделуваат од страна на Министерството за транспорт во износ од 3.115.026,00 денари со вклучен 18% ДДВ согласно Договорот за користење на финансиски

средства потпишан помеѓу Министерството за транспорт и Општина Демир Хисар.

### 3. Развојна програма Линиска инфраструктурна градба
“Подобрување на условите за живеење во с.Смилево преку реконструкција на локална улица“

Со оваа развојна програма предвидено е да се изврши реконструкција на локална улица во с.Смилево, Демир Хисар.

Реконструкцијата на локалната улица ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2024 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на улиците е 768,34 $м^1$, а проектната вредност на работите изнесува 4.515.526,00 денари со вклучен 18% ДДВ. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за живеење во с.Смилево.

Оваа развојна програма се однесува за период 2025-2026 година. Со реализација (јавна набавка) ќе се започне во 2025 година, а физичката реализација, односно реконструкција на улицата се планира да почне во периодот Март-Април 2026 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Улицата поминува низ земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија. За основниот проект издадено е одобрение за реконструкција.

Датум на завршување на проектот е Ноември 2026 година.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства предвидени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од обласла на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1 јули.2025 година, а кои се однесуваат за реализација на проектот “Подобрување на условите за живеење во с.Смилево преку реконструкција на локална улица“. Финансиските средства се доделуваат од страна на Министерството за транспорт во износ од 4.515.526,00 денари со вклучен 18% ДДВ согласно Договорот за користење на финансиски средства потпишан помеѓу Министерството за транспорт и Општина Демир Хисар.

### 4. Развојна програма Линиска инфраструктурна градба
“Подобрување на условите за живеење во с.Стругово преку реконструкција на локални улици“

Со оваа развојна програма предвидено е да се изврши реконструкција на локални улици во с.Стругово, Демир Хисар.

Реконструкцијата на локалните улици ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2021 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на улиците е 663,77 $м^1$, а проектната вредност на работите изнесува 4.899.634,00 денари со вклучен 18% ДДВ. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за живеење во с.Стругово.

Оваа развојна програма се однесува за период 2025-2026

година. Со реализација (јавна набавка) ќе се започне во 2025 година, а физичката реализација, односно реконструкција на улицата се планира да почне во периодот Март-Април 2026 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Улиците поминуваат низ земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија. За основниот проект издадено е одобрение за реконструкција.

Датум на завршување на проектот е Ноември 2026 година.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства предвидени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1 јули.2025 година, а кои се однесуваат за реализација на проектот "Подобрување на условите за живеење во с.Стругово преку реконструкција на локални улици". Финансиските средства се доделуваат од страна на Министерството за транспорт во износ од 4.899.634,00 денари со вклучен 18% ДДВ согласно Договорот за користење на финансиски средства потпишан помеѓу Министерството за транспорт и Општина Демир Хисар.

## 5. Развојна програма Линиска инфраструктурна градба

"Подобрување на условите за живеење во с.Вардино преку реконструкција на локален пат од с.Вардино до Демир Хисар"

Со оваа развојна програма предвидено е да се изврши реконструкција на локален пат од с.Вардино до Демир Хисар.

Реконструкцијата на локалниот пат ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2024 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на улиците е 3.734,66 м[1], а проектната вредност на работите изнесува 31.434.977,00 денари со вклучен 18% ДДВ. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за живеење во с.Вардино.

Оваа развојна програма се однесува за период 2025-2026 година. Со реализација (јавна набавка) ќе се започне во 2025 година, а физичката реализација, односно реконструкција на улицата се планира да почне во периодот Март-Април 2026 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Локалниот пат поминува низ земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија. За основниот проект издадено е одобрение за реконструкција.

Датум на завршување на проектот е Ноември 2026 година.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства предвидени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1 јули.2025 година, а кои се однесуваат за реализација на проектот "Подобрување на условите за живеење во с.Вардино преку реконструкција на локален пат од с.Вардино до Демир Хисар". Финансиските средства се доделуваат од страна на Министерството за транспорт во

износ од 31.434.977,00 денари со вклучен 18% ДДВ согласно Договорот за користење на финансиски средства потпишан помеѓу Министерството за транспорт и Општина Демир Хисар.

**6. Развојна програма**
**Линиска инфраструктурна градба**
“Подобрување на условите за живеење во с.Загориче преку реконструкција на улици“

Со оваа развојна програма предвидено е да се изврши реконструкција на локални улици во с.Загориче, Демир Хисар.

Реконструкцијата на локалните улици ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2021 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на улиците е 939,65 м$^1$, а проектната вредност на работите изнесува 5.581.662,00 денари со вклучен 18% ДДВ. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за живеење во с.Загориче.

Оваа развојна програма се однесува за период 2025-2026 година. Со реализација (јавна набавка) ќе се започне во 2025 година, а физичката реализација, односно реконструкција на улицата се планира да почне во периодот Март-Април 2026 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Улиците поминуваат низ земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија. За основниот проект издадено е одобрение за реконструкција.

Датум на завршување на проектот е Ноември 2026 година.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства предвидени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1 јули.2025 година, а кои се однесуваат за реализација на проектот “Подобрување на условите за живеење во с.Загориче преку реконструкција на улици“. Финансиските средства се доделуваат од страна на Министерството за транспорт во износ од 5.581.662,00 денари со вклучен 18% ДДВ согласно Договорот за користење на финансиски средства потпишан помеѓу Министерството за транспорт и Општина Демир Хисар.

**7. Развојна програма**
**Линиска инфраструктурна градба**
“Подобрување на условите за живеење во с.Жван преку реконструкција на локална улица“

Со оваа развојна програма предвидено е да се изврши реконструкција на локална улица во с.Жван, Демир Хисар.

Реконструкцијата на локалната улица ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација-основен проект во 2024 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на улиците е 996,00 м$^1$, а проектната вредност на работите изнесува 7.115.550,00 денари со вклучен 18% ДДВ. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за живеење во с.Жван.

Оваа развојна програма се однесува за период 2025-2026 година. Со реализација (јавна набавка) ќе се започне во 2025 година, а физичката реализација, односно реконструкција на улицата се планира да почне во периодот Март-Април 2026 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Улицата поминува низ земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија. За основниот проект издадено е одобрение за реконструкција.

Датум на завршување на проектот е Ноември 2026 година.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства предвидени согласно Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр. 50-6260/12 од 1 јули.2025 година, а кои се однесуваат за реализација на проектот “Подобрување на условите за живеење во с.Жван преку реконструкција на локална улица“. Финансиските средства се доделуваат од страна на Министерството за транспорт во износ од 7.115.550,00 денари со вклучен 18% ДДВ согласно Договорот за користење на финансиски средства потпишан помеѓу Министерството за транспорт и Општина Демир Хисар.

Бр.17-840/6 Совет на Општина Демир Хисар
07.08.2025 година Председател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА за давање на користење просторија, сопственост на Општина Демир Хисар**

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење просторија, сопственост на Општина Демир Хисар, донесена на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 07.08.2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 866/4 Општина Демир Хисар**
**08.08.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ” бр. 202/24 ), и член 43 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 07.08.2025 година донесе,

**О Д Л У К А**
За давање на користење просторија, сопственост на Општина Демир Хисар

Член 1
Со оваа Одлука се дава на користење просторија, сопственост на Општина Демир Хисар на Црковен одбор с.Слепче.

Просторијата која е предмет на давање на користење се наоѓа во Домот на култура во с.Слепче.

Член 2
Просторијата која се дава на користење се дава без надомест, врз основа на поднесено барање од страна на Црковниот одбор с.Слепче заведено во архива на Општина Демир Хисар со број 08-753/4 од 06.08.2025 година.

Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-840/7 Совет на Општина Демир Хисар
07.08.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/0202 и Сл.весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на ОДЛУКА за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на објект за препумпнап станица во н.м. Стругово**

3. Ја објавувам Одлуката за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на објект за препумпна станица во н.м. Стругово, донесена на 51-вата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на ден 07.08.2025 година.

4. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-866/5 Општина Демир Хисар**
**08.08.2025 година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24 ), член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), како и член 24 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр 24/19 и „Службен весник на РСМ" бр.87/21 и 14/25), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 07.08.2025 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на објект за препумпна станица во н.м. Стругово**

Член 1

Со оваа одлука се доделува договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на објект за препумпна станица во н.м. Стругово, на ЈКП Комуналец Демир Хисар.

Член 2

Општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец Демир Хисар ќе склучат договор за регулирање на правата и обврските во врска со изведувањето на работите од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Финансиските средства за изведување на работите од член 1 на оваа одлука во износ од 114.106,00 денари се обезбедени од буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.

Член 4

Средствата од член 3 на оваа одлука ќе бидат исплатени на изведувачот на работите- ЈКП Комуналец Демир Хисар по завршената работа, и извршената контрола од страна на Општина Демир Хисар.

Член 5

Составен дел на оваа Одлука е спецификација со предмер пресметка за изведба на објект за препумпна станица во н.м. Стругово, доставена од ЈКП Комуналец Демир Хисар со број 0302-233 од 05.08.2025 година.

Член 6

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-840/8 Совет на Општина Демир Хисар
07.08.2025 година Претседател
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 ) а во врска со член 33 став 2 точка 1 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 265/24) и член 21 од Статутот на ОУ Дом на Културата „Илинден“ Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар на ден 05.08.2025 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување на вршител на должноста Директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар**

1. Се разрешува на ден 05.08.2025 година Директорот на ОУ Дом на културата „Илинден“ Демир Хисар **Зоран Котевски**, на лично барање.
2. Со влегувањето на сила на ова Решение престанува со важност Решението за избор на вршител на должноста Директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар 08-773/1 на 10.07.2025 година.
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се

објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 05.08.2025 година, вршителот на должноста Директорот на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар, Зоран Котевски, поднесе барање за разрешување од позицијата вршител на должноста директор на горенаведената установа, од лични причини, заведено во архивата на Општина Демир Хисар под број 08-851/1.

Согласно горенаведеното, Градоначалникот постапи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова решение незадоволната страна има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од приемот на решението.

Доставено до:

- Разрешениот
- Архива на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар
- Списите од предметот

08-857/1
05.08.2025

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 ) а во врска со член 34 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/2015, 154/15, 39/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 265/24) и член 22 од Статутот на ОУ Дом на Културата „Илинден“ Демир Хисар, Градоначалникот на Општина Демир Хисар на 06.08.2025 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на вршител на должноста Директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар**

1. Се именува Славче Велјановски вработен во ОУ Дом на културата „Илинден“ Демир Хисар за вршител на должноста Директор на горенаведената установа.
2. Мандатот на вршителот на должноста започнува на 06.08.2025 година,
3. Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на установата.
4. Вршителот на должноста директор, се именува за време до изборот на директор на установата, а најдолго за шест месеци.
5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 05.08.2025 година, вршителот на должноста Директорот на ОУ Дом на култура „Илинден“

Демир Хисар, поднесе барање за разрешување од позицијата директор на горенаведената установа, од лични причини, заведено во архивата на Општина Демир Хисар под број 08-851/1 на 05.08.2025 година.

Градоначалникот донесе Решение за разрешување на Директоротот на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со архивски број 08-857/1 од 05.08.2025 година.

Согласно горенаведеното, Градоначалникот постапи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова решение незадоволната страна има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од приемот на решението.

Доставено до:

- Именуваниот
- Архива на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар
- Списите од предметот

08-860/1
06.08.2025

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р**

---------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 30.06.2025 година------------1

2.Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Демир Хисар за 2025 година-----------------------------------------------2

3.План за развојни програми на општина Демир Хисар за 2025 година------------------3-8

4.Одлука за давање на користење, просторија сопственост на Општина Демир Хисар-----------------------------------------------8-9

5.Одлука за доделување на договор за изведување на градежно-занатски работи за изведба на објект за препумпна станица во н.м. Стругово-----------------------------------9-10

6.Решение за разрешување вд директор во ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар-----------------------------------------------------10-11

7.Решение за именување вд директор на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар------------------------------------11-12

**Општина Демир Хисар,**
**ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**